ЈКП Комуналец
Бр.04-2324/1
28.11.2025 година
Прилеп

јавно комунално претпријатие
ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" - ПРИЛЕП

ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2026 година

НОЕМВРИ,2025 година

јавно комунално претпријатие
ЈКП „КОМУНАЛЕЦ„ ПРИЛЕП

Финансиски план
за ЈКП Комуналец Прилеп
за 2026 година

Вовед

- **Основање на ЈКП**

Врз основа на член 196 б од Законот за претпријатија (Сл.лист на СФРЈ бр.77/88 и 40/89) донесена е Одлука за организирање на јавно претпријатие со арх.бр.08-5024/1 од 01.11.1989 година , Соборот на здружен труд на Собранието на Општина Прилеп го основа КПУРО Комуналец Прилеп односно Комунално претпријатие за производно услужни работи Комуналец Прилеп .

Советот на Општина Прилеп носи Решение со арх.бр.07-1649/2 од 16.12.2003 година за давање согласност на Одлуката за издвојување на ЈП Водовод и канализација и ЈП Пазари од составот на ЈКП Комуналец Прилеп.

На 22.11.2004 година со арх.бр.07-1552/2 се донесува Заклучок од страна на Советот на Општина Прилеп за усвојување на Конечен Делбен биланс на ЈКП Комуналец Прилеп со состојба од 30.06.2004 година.

- **Дејности на Јавното претпријатие**

  - 38.21 Обработка и отстранување на безопасен отпад
  - 46.77 Трговија на големо со отпадоци и остатоци
  - 81.29 Останати услуги на чистење , неспомнати на друго место
  - 81.30 Услужни дејности за уредување и одржување на животна средина (диви депонии)

При извршувањето на дејностите од јавен интерес треба да се почитуваат следните принципи:

- ✓ Континуитет и квалитет на услугите
- ✓ Транспарентност и достапност на услугите
- ✓ Заштита на граѓаните и правните субјекти

- **Организациона поставеност во ЈКП**

Според Правилникот за внатрешна организација, ЈКП Комуналец Прилеп ја има следната организациона поставеност:

1. Директор
2. Независни служби
3. Сектор за општи и правни прашања
4. Сектор за финансиско работење
5. Сектор за подигање, транспортирање и депонирање на отпад
6. Сектор паркови и зеленило
7. Сектор за управување и уредување на гробишта
8. Оддел за згрижување на животни скитници

Број на вработени лица по сектори во 11 месец 2025 година:

Организациона поставеност	**ЈКП Комуналец Прилеп**	**Агенција за привремени вработувања**	**Вкупно**
Директор	1		1
Независни служби	5	0	5
Сектори			
Сектор за општи и правни прашања	25	1	26
Сектор за финансиско работење	28	1	29
Сектор за подигање, транспортирање и депонирање на отпад	120	5	125
Сектор за одржување на јавна чистота,паркови и зеленило	102	5	107
Сектор за управување и уредување на гробишта	46	2	48
Оддел за згрижување на животни скитници	3	1	4
Вкупно	**330**	**15**	**345**

ФИНАНСИСКИ ПЛАН

За изработка на овој финансиски план користени се резултатите од финансискиот извештај на ЈКП Комуналец Прилеп за период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година и очекуваните резултати на крај од 2025 година. Финансискиот план за 2026 година е проектиран врз следните претпоставки:

- ✓ Непроменет бројот на вработени од 345 лица
- ✓ Проценка за зголемување од 10% на платата
- ✓ Целосно исплатени средства од Општина Прилеп според Програма за одржување на паркови и зеленило ; Програма за одржување на јавна чистота,Програмата за зимско одржување и Програмата за прифатилиште за бездомни кучиња во ЈКП Комуналец Прилеп

А.Планирани приходи и расходи

Планираниот вкупен приход за 2026 година изнесува околу **334.030.000,00 денари,** додека **з**а извршување на основната дејност на јавното претпријатие потребни се **333.935.000,00** ден. расходи за 2026 година.
(Објаснети во следната табела)

Планирани приходи за 2026г. за ЈКП Комуналец Прилеп		**Планирани приходи за 2026г.**
А.	**Сектор за собир.транспорт и депонирање на отпад**	
1	Приходи од собир.и транспорт.на смет од физички лица	100.030.000,00
2	Приходи од собир.и транспорт.на смет од правни лица лица	63.400.000,00
3	Приходи од селекција на комерцијален отпад	6.000.000,00
4	Приходи од депонирање на останати видови отпад	7.300.000,00
5	Останати приходи	500.000,00
	Вкупно:	**177.230.000,00**
Б.	**Сектор за паркови и зеленило**	
1	Приходи од ЈПП од граѓани и правни лица	20.500.000,00
2	Приходи пресметани во програма за 2026г.	101.000.000,00
	Вкупно:	**121.500.000,00**
В.	**Сектор за управување и уредување на гробишта**	
1	Приходи од одржување на гр.места	11.800.000,00

2	Приходи од продажба на гр.места	4.000.000,00
3	Приходи од извршени услуги на гробишта	4.000.000,00
4	Приходи од извршени услуги во Капела	1.500.000,00
	Вкупно:	**21.300.000,00**
Г.	**Оддел за згрижување на животни скитници**	
1	Приходи пресметани во програма за 2026г.	5.000.000,00
	Вкупно:	**5.000.000,00**
Г.	**Оддел за зимско одржување**	
1	Приходи пресметани во програма за 2026г.	9.000.000,00
	Вкупно:	**9.000.000,00**
	Вкупно планирани приходи за 2025 година	**334.030.000,00**
	Планирани расходи за 2026г. за ЈКП Комуналец Прилеп	**Планирани расходи за 2026г.**

А.	**Сектор за собирање и транспортирање на смет**	
1	Бруто плата	94.000.000,00
2	Суровини и материјали	2.600.000,00
3	Енергија	12.000.000,00
4	Резервни делови	3.500.000,00
5	Отпис на авто гуми	800.000,00
6	Останати трошоци	3.000.000,00
	Вкупно:	115.900.000,00
Б.	**Сектор за одрж.на јавно прометни површини и паркови и зеленило**	
1	Бруто плата	67.000.000,00
2	Суровини и материјали	700.000,00
3	Енергија	1.200.000,00
4	Резервни делови	500.000,00
5	Останати трошоци	800.000,00
	Вкупно:	**70.200.000,00**
В.	**Сектор за одржување на гробишта**	
1	Бруто плата	33.000.000,00
2	Суровини и материјали	1.300.000,00
3	Енергија	600.000,00
4	Резервни делови	100.000,00
5	Останати трошоци	500.000,00
6	Услуга за корист.водост.објекти	220.000,00
	Вкупно:	**35.720.000,00**

Г.	**Оддел за згрижување на животни скитници**	
1	Трошоци пресметани во програма за 2026г.	5.000.000,00
	Вкупно:	**5.000.000,00**
Г.	**Оддел за зимско одржување**	
1	Трошоци пресметани во програма за 2026г.	9.000.000,00
	Вкупно:	**9.000.000,00**
Д.	**Сектор за општи служби**	
1	Бруто плата	47.000.000,00
1	Канцелариски материјали	700.000,00
2	Енергија	820.000,00
3	ПТТ,Телефон и поштенски услуги	600.000,00
	Вкупно:	**49.120.000,00**
	Заеднички расходи	
1	Амортизација	8.000.000,00
2	Тр.за отпрем.во пензија и смрт	1.800.000,00
2	Трошоци за одржување и сервис	200.000,00
2	Судски спорови,нотарски,адвок.и извршни трошоци	8.000.000,00
2	Бенефициран стаж за 2026г.	2.000.000,00
2	Бенефициран стаж 2011-2022	2.500.000,00
2	Трошоци за систематски преглед	345.000,00
2	Регрес за Г.О.за 2025 + новогод.награда за 2025	18.100.000,00
2	Регрес за Г.О.за 2026	7.200.000,00
2	Јубилејна награда на 41,500 бруто исплата	600.000,00
2	Трошоци за ревизија	250.000,00
	Вкупно:	**48.995.000,00**
	Вкупно планирани расходи за 2026 година	**333.935.000,00**

Од збирните податоци во табелата се гледа дека Секторот за собирање, транспортирање и депонирање на отпад има најголем дел од планираниот приход за 2026 година . Овој сектор е главната и носечка дејност на ЈКП Комуналец Прилеп и имаме приходи од фактурирање на домаќинствата и правните лица за собирање на отпад со месечно задолжување, од наплата за дополнително собирање на секаков отпад по барање на граѓани и правни лица , од чистење на септички јами, од продажба на селектиран комерцијален отпад.

Во секторот за одржување на јавно прометните површини , паркови и зеленило приходите се од фактурирање према домаќинства и правни лица со месечно задолжување и приходот од Општина Прилеп по усвоена Програма за одржување на ЈПП, паркови и зеленило. Во планирањето на приходите од одржување на јавна чистота, одржување и користење на паркови, зеленило, парк шуми и рекреативни површини, како и приходите од

одделот за згрижување на животни скитници, земени се податоците од програмите за соодветните сектори.

Во Секторот за Управување и одржување на гробишта начинот на фактурирање према граѓаните за одржување на гробни места е со месечно задолжување, приход од продажба на гробни места и приход од извршување градежни работи околу гробното поле , фактура према операторите за користење на услугата во Капелата по потреба на граѓаните.

Во други приходи спаѓаат приходите од одделот за згрижување на животни по основ на префактурирање према Локална самоуправа за заловување на кучиња по програма .

Приходи од закупнини за користење на халата за царинскиот терминал, канцелариите за царинскиот терминал, паркинг просторот за царинскиот терминал, трпезаријата на нови гробишта не се планирани за 2026 година со оглед на тешката финансиска состојба на ДООЕЛ Терминал-Комуналец Прилеп.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА 2026 година

Ако ги споредиме приходите и расходите од приложените табели, се гледа дека:

Вкупно планирани приходи за 2026 год.	**334.030.000,00**
Вкупно планирани расходи за 2026 год.	**333.935.000,00**
Планирана добивка за 2026 год.	**95.000,00**

Од прикажаните податоци за планираните приходи за 2026 година и прикажаните потребни расходи, јасно се гледа дека на ЈКП Комуналец Прилеп неопходни му се чекори за да може да функционира непречено во 2026 година.

Во планираните приходи земен е во предвид:

- целиот износ према усвоените програми за 2026година,
- другите приходни ставки се сооднесуваат со планираните за 2025 година.

Во планирањето на расходите се земаат следните претпоставки:

- Да не се зголемува бројот од 345 лица
- Зголемени расходи за бруто плата према зголемувањето на просечната бруто плата за 2025 година
- Трошоците за отпремнина за пензија и смрт е за 12 лица према податоците за вработените кои заминуваат во пензија во 2026 година со 64 години стаж или со бенефициран стаж
- Трошоците за надомест за јубилејни награди е за 6 лица према податоците за стаж во јавното претпријатие

Меѓутоа, мора да напоменеме дека со 30.09.2025 година према кварталниот извештај имаме достасани обврски кои треба да се планираат да се подмират:

- Обврски према добавувачи: 31.183.931,00ден.
- Обврски према вработените за бен.стаж за минати години: 4.991.147,00ден.
- Обврски према државата-репрограмир. ДДВ: 20.763.634,00ден.
- Обврска према поврзани субјекти- ЛС Прилеп. 32.798.808,00ден.

Според прикажаната состојба нема средства за инвестиции во ЈКП Комуналец Прилеп во 2026 година .

Изработил:
Раководител на сектор за финансии
Снежана Трумпеска

Одобриле:
пом. Директор за екон.правни прашања
Снежана Николова

Овластен потписник
Директор:
Рубинчо Абрашоски

`

28.11.2025 година